Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 ), Градоначалникот на општина Гевгелија, на ден 24.1.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-2216/1 од 03.10.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-730/1 од 23.04.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1576/1 од 26.10.2018 година, и тоа:

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 8.Територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „87. Назив на работно место - Пожарникар спасител-возач“ во делот Број на извршители, бројот „4“ се заменува со бројот „6“.

**Член 2**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 8.Територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „89. Назив на работно место - Пожарникар спасител“ во делот Број на извршители, бројот „4“ се заменува со бројот „6“.

**Член 3**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и во табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, како составен дел на Правилникот.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.01-187/1
24.1.2019 година

Градоначалник
на општина Гевгелија,

***М-р Сашо Поцков***